| Број 59| Година IX | јули - август 2014 г. |

Бесплатен примерок

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Весник на Општина Аеродром



21.06 - 30.06

# ГОЛА МЕСЕЧИНА

меѓународен фестивал на комедијата

ТЕАТАР КОМЕДИЈА

Министерство за култура на Република Македонија

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# СОДРЖИНА


ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА ........ 3

АКТИВНОСТИ ........ 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ........ 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ........ 18 - 19

3Д АНИМИРАН ФИЛМ ........ 20

ЗДРАВЈЕ ........ 22 - 23

ЛЕТО 2014 ........ 24 - 25

ЖИВОТ ........ 26 - 27

СПОРТ ........ 28 - 29

ПИСМА ........ 30

ИНФО ........ 31




**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот


Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Милена СТЕФАНОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

**Лектор**
Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Кристина Јорданова
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци



телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Венијамин Мачуковски 6,
1000 Скопје

Од 21-ви до 30-ти јуни кај паркот на езерата

# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“



Од 21-ви до 30-ти јуни на отворена сцена поставена на фудбалското игралиште кај паркот на езерата во Општина Аеродром ќе се одржи првиот Меѓународен фестивал на комедијата „Гола месечина“.

Ова е резултат на успешно спроведениот проект културно лето „Аеродром се смее“ минатата година што наиде на одличен одѕив кај публиката кога за претставите се бараше столче повеќе.

Оваа година на фестивалот ќе се одиграат 8 претстави, од кои 6 претстави од Македонија и 2 од странство.

Меѓународниот фестивал „Гола Месечина“ има натпреварувачки карактер, со трочлена жири комисија. Ќе се доделуваат четири парични награди и тоа награда за најдобра режија, за најдобра машка и за најдобра женска улога, како и гран при за најдобра претстава.

## ВЛЕЗОТ ЗА СИТЕ ПРЕТСТАВИ Е БЕСПЛАТЕН!

# ДА „ЗАВИВАМЕ“ НА МЕСЕЧИНА!

**Комедијата како најатрактивен театарски жанр во комбинација со отворено небо, месечина и ѕвезди... големиот интерес на публиката за „театар во својата општина“, посветеноста на градоначалникот, мојот ентузијазам, професионалното искуство и професионалноста на тимот беа повеќе од доволна причина да се осмелиме да „завиваме“ на месечина**



Оформувањето на „Гола Месечина“, меѓународен театарски фестивал на комедијата, ми се наметна како импулс примен од граѓаните по успешното завршување на минатогодишното културно лето што го организираше Општина Аеродром во соработка со Театар Комедија.

Комедијата како најатрактивен театарски жанр во комбинација со отворено небо, месечина и ѕвезди... големиот интерес на публиката за „театар во својата општина“, посветеноста на градоначалникот г. Коневски во реализирање на потребите на своите граѓани, мојот ентузијазам во комбинација со професионалното искуство и поддршката, довербата и професионалноста на раководниот тим на Театар Комедија, беа повеќе од доволна причина да се осмелиме да „завиваме на месечина“.

Фестивалот е финансиран од Буџетот на Општината, од Министерството за култура и од сопствените средства на Театар комедија. Како што можете да видите од репертоарот, имаме претстави од Тузла, БиХ и Белград, Србија, од скопските театри Драмски, МНТ и од Театар Комедија, од Битола и од Струмица. Фестивалот има натпреварувачки карактер. Трочлената жири комисија ќе додели награди за најдобра машка и женска улога, за најдобра режија и најдобра претстава.

Ќе ми претставува огромно задоволство доколку и го погодиме вкусот на публиката, бидејќи со огромно внимание, во рамките на буџетот, ги одбравме претставите за нашето прво фестивалско издание. Убедена сум дека иако во истиот термин додека трае фестивалот има и светско првенство во фудбал, посетеноста ќе биде голема, бидејќи на „ГОЛА МЕСЕЧИНА СЕ СЛУЧУВААТ МНОГУ ВОЛШЕПСТВА, СЕ ОСТВАРУВААТ МНОГУ ФАНТАЗИИ И ЖЕЛБИ, ТАНЦУВААТ САМОВИЛИ И СЕ СЛУЧУВААТ ТЕАТАРСКИ ИЛУЗИИ!!!“

Почитувани мои аеродромци, театарската уметност е храна за душата, а смеењето е здравје!!!

Се гледаме на „Гола Месечина“

**Јелена Жугиќ**
директор на Театар Комедија

# РЕПЕРТОАР НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“ 2014

1. **ХАМЛЕТ ВО ПИКАНТЕН СОС** од Алдо Николај во режија на Александра Кардалевска во продукција на Театар Комедија – 21.06.2014 год.

2. **ХАМЛЕТ ВО ДОЛНА МРДУША** од Иво Брешан во режија на Мустафа Надаревиќ во продукција на Народно позориште Тузла – 22.06.2014 год.

3. **СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ** од Бранислав Нушиќ во режија на Синиша Евтимов во продукција на Македонски народен театар – 23.06.2014 год.

4. **БЕЗ ПАНИКА** според „Паника“ од Миха Милиахо во режија на Благој Мицевски во продукција на Народен театар Битола – 24.06.2014 год.

5. **ПОДЗЕМНА КОМЕДИЈА** од Христо Бојчев во режија на Деан Дамјановски во продукција на Народен театар Струмица „Антон Панов“ – 25.06.2014 год.

6. **СОЛУНСКИ ПАТРДИИ** од Миле Попоски во режија на Коле Ангеловски во продукција на Драмски театар Скопје – 26.06.2014 год.

7. **ПУКНА СРАМ** од Душан Јанковиќ во режија на Милица Краљ во продукција на 10 fingers 10 ideas production - 27.06.2014 год.

8. **МНОГУ ВРЕВА ЗА НИШТО** од Вилијам Шекспир во режија на Дејан Пројковски во продукција на Театар Комедија (ПРЕМИЕРА) – 30.06.2014 год (во чест на наградените)

**ПОЧЕТОК: 21:00 ЧАСОТ**

**ЛОКАЦИЈА: КАЈ ПАРКОТ НА ЕЗЕРАТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

# МЗТ ГО ОСВОИ ТРЕТИОТ ША




Кошаркарскиот клуб на Општина Аеродром, „МЗТ Скопје – Аеродром“ на 3.6.2014 година трет пат по ред ја одбрани титулата државен првак на Македонија.

Со резултат од 88:79 во четвртиот финален натпревар беа поуспешни од составот на „Работнички“, затворајќи ја серијата со (3-1) и освојувајќи ја двојната титула по онаа заработена во Купот на Македонија.

Со тоа „сино-белите“ го одбранија сето она што го градеа не само во оваа туку и претходните две сезони. Дојдоа до момент кој досега беше привилегија само на клубот што го победија во ова 22-ро по ред финале на македонскиот плеј-оф, „Работнички“.

Ни малку лесно, со многу труд, но и со големо знаење, избраниците на тренерот Зоран Мартич дојдоа до уште една посакувана цел - титулата.

До шампионскиот хет-трик дојдоа со стабилна игра, без поголеми осцилации, кои беа присутни во претходните изданија од големото финале.

Освојувањето на три двојни круни во изминатите три години, секако, е добра увертира пред многу очеку-

# МПИОНСКИ ТРОФЕЈ ВО НИЗА



ваното враќање на настапите во новиот СЦ „Јане Сандански" на стартот од наредната сезона.

Во текот на сезоната имаше подеми и падови, лоши и убави моменти, но, сепак, сè добро се заврши. Претходно во Охрид МЗТ го освои седмиот куп трофеј во својата историја.





# УЧИЛИШТЕТО ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“






На 10.6.2014 година по повод првиот патронен празник на новото основно училиште во Реонски центар „Аеродром“ градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, свечено го откри споменикот на Александар Македонски, патронот на училиштето.

Градоначалникот Коневски изјави дека покрај поставувањето на скулптурата, ова лето хортикултурно ќе се уреди и дворот на училиштето со што учениците на есен ќе ја почнат новата учебна година во нов и попријатен амбиент.

Покрај градоначалникот, на свеченото откривање на споменикот присуствуваше и министерот за образование, Спиро Ристовски кој им посака на учениците пријатен распуст, со оглед на тоа што е последен ден од оваа учебна година.

Скулптурата на Александар Македонски, која е висока 3,5 метри, е изработка и донација на нашата позната скулпторка Валентина Стевановска, која ја изработи и скулптурата „Воин на коњ“.

Инаку, првиот патронен празник учениците од ОУ „Александар Македонски“ го одбележаа со пригодна претстава во училиштето.

# ДОБИ СКУЛПТУРА НА **АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ**






# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ОБЈАВИ ТЕНДЕР ЗА АВТОМАТСКО НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО



Општина Аеродром неодамна објави тендер за изградба на автоматски систем за наводнување на зеленилото во населбата Јане Сандански.

Станува збор за проект, со кој јавното зеленило во овој дел од Општината, поточно од ОУ „Ѓорѓија Пулевски" до булеварот „Србија", ќе се наводнува со автоматски електронски прскалки, кои ќе бидат штелувани да ја полеваат тревата во одредени периоди од денот.

На површина од 13 хектари ќе бидат поставени околу 1.500 прскалки, кои ќе црпат вода од бунарите за наводнување, така што ќе се користи исклучиво техничка вода и на тој начин ќе се штеди скапоцената вода за пиење, а тревата повеќе нема да се наводнува рачно со црева како до сега.

# ОДБЕЛЕЖАНА 142-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ



Со положување свежо цвеќе на споменикот на Јане Сандански во истоимениот парк на 18.5.2014 година градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски ја одбележа 142-годишнината од раѓањето на овој голем македонски револуционер.

Свежо цвеќе на споменикот положија делегации на Општина Кисела Вода, на Советот на Општина Аеродром, како и делегации на основните училишта и градинките на територијата на Општина Аеродром.

Најпознатата мисла на Јане Сандански е **„Да живееш значи да се бориш, робот за слобода, а слободниот - за совршенство".**

# ДА НЕ ДОЗВОЛИМЕ ЕВРОСКЕПТИЦИЗАМ!



„Не смееме да дозволиме евроскептицизмот, кој е веќе присутен и во земјите-членки на ЕУ, да се рефлектира и во нашата земја, што би било резултат на незадоволството на граѓаните од долгогодишното чекање пред портите на Унијата“.

Ова го изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, во функција на копретседавач на 10-от состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на региони на Европската унија, што се одржа на 3.6.2014 година во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје, повикувајќи ги претставниците на ЕУ да ни помогнат „правилно да ги реализираме сите потребни чекори“ и да ја искористат нивната моќ и влијание за да се исполни „желбата на нашите граѓани Република Македонија да стане членка на Европската унија“.

Тој додаде дека локалната власт е активно вклучена во тој процес и „има значајна улога во спроведувањето на реформите за имплементирање на европските стандарди“.

Инаку, на состанокот свои обраќања имаа и министерот за локална самоуправа, Тахир Хани, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на Канур, Франција, Жак Бланк, како и градоначалниците и други претставници на општините од Македонија и од повеќе европски градови, кои разговараа за отворање можности на општините за директен пристап до европските фондови за земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, како што се ИПАРД-петтата компонента и новата ИПА програма.

# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИТЕ ЦРТЕЖИ ОД КОНКУРСОТ НА ТЕМА „ЕВРОПА ВО МОЈОТ СОН“



На 14.5.2014 година Европското движење во Република Македонија (ЕДРМ) го заврши одбележувањето на Денот на Европа со Свечена академија во Младинскиот културен центар, на која меѓу другото беа доделени и наградите од детскиот ликовен конкурс на тема: „Кога сум јас толерантен?“ („Да ја сакаме Европа!“) што го организираа Општина Аеродром и Европското движење во Република Македонија по повод 9-ти Мај, Денот на Европа.

Награди за освоено прво место добија **БОРЈАН ДИНЕВСКИ, ЕВГЕНИЈА НЕДЕЛКОВА и ИВАНА ИКОНОМОВА.**

На крајот на манифестацијата со пригодна кореографија настапија најмладите, децата од градинката „Срничка“, за кои, како што беше речено, се врзува иднината на општеството и кои доловија како изгледа иднината низ детска игра и освоија френетичен аплауз, насмевки и симпатии на публиката.

# „ЦРВЕНКАПА“ ЌЕ СТАНЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ГРАДИНКА



Детската градинка „Срничка“ доби грант од 61.600 денари за реализација на проектот „Градина на добрина и љубезност“, кој покрај едукативните активности има за цел намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија.

Со реализација на овој проект се очекува потрошувачката на електрична и топлинска енергија да се намали за 30 отсто, преку поставување соларни колектори во објектот „Црвенкапа“.

Во рамките на овој проект се предвидени содржини низ кои децата директно ќе се вклучат во следење, надгледување и контролирање на процесот на имплементација на проектот и ефектите од него врз животната средина.

Грантот за реализација на овој проект го обезбеди здружението за едукација, комуникација и консалтинг ОХО и Швајцарската агенција за развој и соработка, претставувана од канцеларијата во Скопје.

## Прва гаражна продажба во Аеродром

# СТАРО ЗА МЕНЕ, НОВО ЗА ТЕБЕ!





На 31.5.2014 година зад ТЦ „Бисер“ се организира гаражна продажба (Garage Sale), на која деца од основните училишта од Општина Аеродром и бизнис студенти од Универзитетот Американ колеџ - Скопје (УАКС) продаваа стари и неупотребувани сопствени предмети.

Целта на гаражната продажба, која претставува вообичаена практика што потекнува од САД, е да се поттикнат и да се развијат вештини за продажба кај децата и студентите. Освен тоа, 50 отсто од собраните средства ќе се донираат во здружението за заштита и грижа за животни „Анима Мунди“.

Гаражната продажба ја организираа студентите на УАКС во партнерство со Општина Аеродром и „Пакомак“.

# БЛАГОДАРНОСТ ДО АЕРОДРОМЦИ ЗА ХУМАНОСТА!




Жителите на Општина Аеродром на 18.5.2014 година покажаа несебична хуманост донирајќи над 5 тони храна, вода, облека и хигиенски средства во хуманитарната акција за помош на Србија и Босна и Херцеговина, поточно на нивните општини чии жители претрпеа огромни штети во поплавите.

# АЕРОДРОМ ДОНИРАШЕ 600.000 ДЕНАРИ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ

На вонредната седница на Советот на Општина Аеродром што се одржа на 19.5.2014 година членовите на Советот едногласно донесоа Одлука за доделување финансиска помош за санирање на последиците од елементарните непогоди, поплавите во Србија и БиХ.

Со цел да излезе во пресрет на настраданото население, Општина Аеродром од својот Буџет издвои финансиска помош во висина од 600.000 денари, кои ќе се спроведат со посредство на Црвениот крст на Република Македонија.

# БАЗЕНОТ „АКВАДРОМ“ ЈА ПОЧНА ЛЕТНАТА СЕЗОНА



За потсетување, базенот работи секој ден освен понеделник од 10:30 до 17:30 часот. Подетални информации може да се добијат на **bazen@bazenaerodrom.mk** или **https://www.facebook.com/BazenAerodrom.**

Базенот „Аеродром“, кој од годинава го носи името „Аквадром“, ја отвори летната сезона на 31-ви мај. Менаџментот на базенот за летото 2014 најави новитети, кои покрај водените лудории како незаменлив аспект на работењето на базенот, ќе им понудат на посетителите дополнителна забава. Од оваа сезона во комплексот на базенот „Аеродром“ ќе биде отворен ресторан со различни специјалитети, а ќе бидат отворени и дополнителни барови за посетителите.

Она што е најзначајно за љубителите на спортот, е новоорганизираниот спортски корнер наменет за следење на фудбалските натпревари од светското првенство во Бразил.

За безбедноста на капачите ќе се грижат спасувачи - по двајца или тројца во смена, во зависност од бројот на посетители.

Цената за влез е иста како минатата година - 200 денари дневен билет, а полудневен билет за периодот од 15:00 до 17:30 часот ќе чини 130 денари. Влезот за деца до 2 години е бесплатен.

Инаку, за време на светското првенство во фудбал ќе биде отворена летна бавча, каде ќе може да се следат натпреварите од првенството во Бразил.

Новина годинава на базенот е и можноста во комплексот да се организираат роденденски и други тематски забави, концерти, промоции и слично.

# ОДРЖАНИ **19-ТИ СПОРТСКИ ИГРИ** НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



На 13.5.2014 година пред пензионерскиот дом „Јане Сандански“, се одржаа рекреативни спортски игри, 19-ти по ред, кои ги организира Здружението на пензионери „Солидарност-Аеродром“.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, кој ги прогласи игрите за отворени изјави дека Општината секогаш ги поддржува активностите на пензионерите, особено кога станува збор за игри во функција на здравјето и рекреацијата на пензионерите.

На спортските игри, кои се организираат традиционално секоја година, учествуваа 5-те ограноци на здружението и тоа во 11 дисциплини како што се стрелаштво, пикадо, влечење јаже, шах, домино и друго.

# РЕГИОНАЛНА **РЕВИЈА НА ПЕСНИ**, МУЗИКА И ИГРИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

На 20.5.2014 година во Домот на АРМ се одржа 12-та по ред Регионална ревија на песни, музика и игри, чијшто домаќин е Здружението на пензионери „Солидарност“ од Општина Аеродром.

„Општина Аеродром како досега, така и во иднина ќе продолжи да ги поддржува сите активности на пензионерите, особено кога станува збор за игри кои се во функција на здравјето и рекреацијата на пензионерите“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски.

Покрај домаќините од Општина Аеродром, на ревијата учествуваа уште 7 здруженија на пензионери од Кратово, Крива Паланка, Куманово, Гази Баба, Кисела Вода, Центар, како и воените пензионери.



# УСПЕШН О ЗАВРШИ ПРОЕКТОТ „МАЈ – МЕСЕЦ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ“



На 23.5.2014 година со четвртата работилница што се одржа во ОУ „Димитар Македонски“ заврши проектот „Мај – месец на безбедноста во Општина Аеродром“, кој се организира во соработка со полициската станица „Аеродром“.

За време на дебатите на четирите работилници претставниците на МВР потенцираа неколку совети за начините како да се заштитиме од кражби, како што се затворање на сите врати и прозорци во домовите и автомобилите, да се негуваат добрососедските односи, да не се дозволува непознато лице да влезе во домот и секоја сомнителна ситуација да се пријави во полиција на телефонскиот број 192.

Исто така, во рамки на проектот, на куќните совети, месните и урбаните заедници им се доставуваа плакати со слични совети, кои ќе можат да се објават во влезовите, со цел да се спречат кражбите и да се подобри општата безбедност.



Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сѐ што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



„Паркот во Лисиче" - Владо Куфалов



„Сонце" - Игор Пејиќ



„Мај и дожд" - Олга Николовска

# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ



„Зајдисонце" - Дамјан Никифоров



„Изгрев" - Гоце Калевски



„Виножито" - Оле Ристовска



„Пролет" - Маја и Јорданчо



„Виножито" - Раде Стојчески

# „ДЕН НА РЕВОЛУЦИЈА ВО ИСХРАНАТА“ ВО ГРАДИНКАТА „СРНИЧКА“

Во градинката „Срничка“ на 16.5.2014 година се одржа работилница за здрава храна под мотото „Ден на револуција во исхраната“.

За време на работилницата децата од поголемите групи подготвуваа салата од зеленчук во боите на виножитото.

Исто така, преку игри и разговори за здравата храна децата учеа кои витамини ги содржат овошјето и зеленчукот и како тоа влијае врз нивното здравје.

Целта на оваа активност е да се едуцираат децата и родителите за важноста на домашно приготвената храна, за здравата храна и на тој начин да се превенираат одредени здравствени состојби, кои се резултат на нездрава храна.

„Денот на револуцијата во исхраната“ е дел од активностите на Фондацијата за храна на Џејми Оливер во Македонија што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика.



## ГОЛЕМ УСПЕХ ПО МАТЕМАТИКА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Ученици од ОУ „Браќа Миладиновци“ неодамна учествуваа на натпреварот по математика, кој се одржа во ОУ „Кирил Пејчиновиќ“ во Општина Кисела Вода.



На општинскиот и на регионалниот натпревар награди освоија учениците Тео Војновиќ, Јован Парлапанов, Антон Тентов и Сташа Петровиќ од одделенска настава, како и учениците Лара Рајчановска, Јоаникиј Чулев, Александар Буцевски и Игор Утевски од предметна настава.

## ЕКО-АКТИВНОСТИ ВО ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“



Во ОУ „Браќа Миладиновци“ на 2-ри мај се одржа „Еко ден“, во чии рамки се организираа повеќе еколошки активности и тоа еко-ревија, засадување цвеќиња, уредување на училишниот двор, како и собирна акција на хартија и пластична амбалажа.

## „СО ЦВЕЌЕ ДО МИР И ХУМАНОСТ“ ПОРАКА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Под мотото „Со цвеќе до мир и хуманост“ на 10.6.2014 година во ОУ „Браќа Миладиновци“ се одржа хуманитарна ликовна работилница по повод крајот на учебната година и почетокот на летниот распуст.

На работилницата, која имаше хуманитарен карактер, присуствуваше познатиот македонски сликар Живко Поповски-Цветин, кој заедно со учениците сликаше бели рози на темна подлога. Нацртаните слики беа продавани по симболична цена, а собраните средства ќе бидат донирани во хуманитарни цели за ученици од ОУ „Браќа Миладиновци“.

Исто така, дел од учениците се претставија со литературно читање песни, испраќајќи порака за мир и хуманост до сите луѓе.

На крајот работилницата заврши така што присутните ученици, наставници и гости пуштија порака во шише „Со детскиот цвет за мир, хуманост и солидарност“ во водите на реката Вардар.



# ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ОСВОИ ТРЕТО МЕСТО ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА



ОУ „Гоце Делчев“ на натпреварот на Светскиот ден на акција на тема „Заштеда на енергија“ освои трето место и беше единствениот учесник од Република Македонија.

Светскиот ден за заштеда на енергијата беше организиран од Фондацијата за еколошка едукација (ФЕЕ) и Здружението на граѓани ОХО, на кој учествуваа 57 земји од светот.

На натпреварот ОУ „Гоце Делчев“ учествуваше со видео за спроведени активности, и тоа: парада од маски и делење флаери, фудбалски натпревар, презентации со модели и макети за штедење енергија, како и поставување штедливи светилки во училиштето.

# ИЗВИДНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“



Учениците од ОУ „Александар Македонски“ на 21.5.2014 година спроведоа извиднички активности со цел да се запознаат со работата на извидниците и преку забава да се стекнат со вештини за лична безбедност, како и начини за снаоѓање и ориентација во природата.



# ЕКО-ДРАМА И ЕКО-ХИМНА ЗА ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

По повод Светскиот ден на планетата Земја на 29.4.2014 година во ОУ „Лазо Ангеловски“ се изведе „еко-драма“.

Во еко-драмата, која е авторско дело на учениците Никица Манцуковски и Марија Поповска од седмо одделение, учествуваа членовите на драмската секција „Лаз-ал“, во режија на наставниците Костадинка Поповска и Валентина Петрова.

Исто така, за потребите на претставата се создаде и училишна еколошка химна чиишто автори на текстот се повторно истите ученици, додека автор и аранжер на музиката е Ристо Самарџиев. Училишната еко-химна се снимаше во студиото на Кристијан Габровски, а ја изведе седмоодделенката Сара Глигорова.

**(oulazoangelovski.com.mk)**



## Рио 2 (Rio 2)

# КАРНЕВАЛОТ ПРОДОЛЖУВА ВО АМАЗОНСКИТЕ ДОЖДОВНИ ШУМИ

Интересна приказна за патувањето на Блу и Џуел во Амазонските џунгли проследена со забавни песни, комични моменти, одлична 3Д анимација и многу акција




Приказната во Рио 2 почнува со Блу, Џуел и нивните три деца, кои се забавуваат во нивниот дом во Рио, додека поранешната сопственичка на Блу, Линда и нејзиниот сопруг Тулио се во Амазон. За време на престојот во Амазон тие откриваат јато на сини макави (ара-папагали).

Тогаш Џуел и Блу преку телевизија дознаваат дека не се последни од нивниот вид, што е главната причина за нивното патување во Амазонските џунгли и да се уверат дека јатото навистина постои.



По средбата со јатото сини папагали Џуел доаѓа до сознание дека водачот на јатото е, всушност, нејзиниот татко со кого многу одамна биле разделени.

Исто така, Џуел ќе ја сретне и својата поранешна симпатија Роберто, кој пак, ќе настојува да ја освои и да ја раздели од Блу. Тука почнува докажувањето на Блу пред таткото на Џуел и неговите напори да покаже дека е поголем папагал од Роберто.

Покрај многубројните случувања во Амазон, Блу ќе се сретне и со стариот „пријател“ Најџел – белиот какаду, кој во друштво на нелегални дрвосечачи се појавува за да му се одмазди на Блу, така што преку сечењето на дрвјата ќе го истреби јатото сини макави.

Приказната е интересна, проследена со забавни песни, комични моменти, одлична 3Д анимација и многу акција.

Гласовите во филмот ги позајмуваат Џејк Ти Оустин, Кристин Шеновет, Бруно Марс, Вил Ај Ем, Џеси Ајзенберг, Енди Гарсија, Џефри Гарсија, Мигуел Ферер, Рејчел Кроу и др.





## САЈБЕР ГАТАЧКА

**Современа гатачка ѝ гата на девојка:**

- Ауууу, голема среќа те чека, добар провајдер ќе најдеш! Еден пријател на фејсбук многу добри нешта ти мисли. Секоја вечер те чека да се вклучиш, ама ти многу се криеш ма! Многу му се допаѓаш, дури ќе посака да имате и сајбер секс.

Сега дај ми ја десната рака за да видам подобро. Ауууу, мала рака имаш ама голем глушец држиш. Гледам голем трафик од еден сајт со безобразна содржина. Абдејтирај си ја антивирусната и ќе немаш гајле.

Дај сега 100 денари и господ да те чува и тебе и софтверот и хардверот.

Каде ќе одиш ма? Ако не ми платиш ќе те колнам да знаеш! Да ти се наполни компјутерот со вируси! Виндоусот да ти стане како задникот на прабаба ми! Реинстал секој ден да му правиш! Имеилот со спам да ти се претрупа! Сите пасворди да ги заборавиш и сите акаунти да ти ги избришат! Само грди пријатели на Фејсбук да имаш.




## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

### ОНОМАТОПЕЈА

Дедото на малото внуче:
- Ај, кажи му на дедо како прави мачето?
- Мјау.
- А, кучето?
- Ав, ав.
- Браво, убав на дедо, а глувчето како прави?
- Клик, клик.

## ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ГРАФИТИ

Покрај класичните ѕидни графити како неизбежен декор во урбаните средини, некои нови дечки почнаа да изработуваат и тродимензионални графити. На сликата десно е прикажан уште еден пример на тродимензионален графит изработен на тротоар. Инвентивно, не ма што!



# ВИТАМИНОТ Д – ЕНИГ



**Најголем процент (80-90%) од витаминот Д се добива преку сончањето. За да се произведат доволно количини витамин Д е потребно рацете, лицето и нозете да се изложат на сончева светлина два до три пати неделно**

**Со само 6 дена сончање се создаваат резерви од витамин Д за 50 дена**

**Витаминот Д го има во масните риби како што се харинга, скуша, лосос и туна, рибиното масло, жолчката и мал дел во масните млечни производи**

д-р Маја Панајотовиќ Радевска,
специјалистка по медицина на труд, ПЗУ „Неуромедика“ - Скопје

Витаминот Д е витамин растворлив во масти и спаѓа во групата на проанаболични хормони. Од прехранбените продукти го има во масните риби како што се харинга, скуша, лосос и туна, рибиното масло, жолчката и мал дел во масните млечни производи.

Најголем процент (80-90%) од витаминот Д се добива преку сончањето. За да се произведат доволно количини витамин Д е потребно рацете, лицето и нозете да се изложат на сончева светлина два до три пати неделно.

Интересен е податокот дека со само 6 дена сончање се создаваат резерви од витамин Д за 50 дена. Витаминот Д се акумулира во масното ткиво од каде што се ослободува кога не сме изложени на сончева светлина.

Дефицит на витамин Д е најчест кај постарите луѓе поради намалениот внес преку храната и малата изложеност на сонце.

Витаминот Д е потребен за регулирање на метаболизмот на калциумот и фосфорот со што се овозможува соодветна коскена структура.

Најважна улога има во детската возраст за правилен раст и развој на коските и затоа се користи за превенција и терапија на рахитисот. Исто така, витаминот Д има голема улога во превенција и лекување на остеопорозата и сите други заболувања на коскениот систем.

Новите лабораториски истражувања сè повеќе ја докажуваат улогата на витаминот Д во превенција и лекување на многу други болести како што се:

- Превенција на карцином



# МА НА ДЕНЕШНИЦАТА



на дебело црево, простата и карцином на дојките

- Превенција и лекување на шеќерна болест и интолеранција на гликоза
- Превенција на хипертензија, зголемено ниво на холестерол
- Превенција на мултиплекс склероза и алцхајмерова болест
- Превенција и намалување на болките кај ревматоидниот артритис
- Превенција на хронична опструктивна болест, астма, бронхитис, алергиски ринитис
- Превенција од сезонски грип и други заболувања на имуниот систем (системски лупус, псоријаза)

Според последните процени околу една милијарда од светската популација има дефицит од витамин Д, што се должи на сè помалото изложување на сонцето, на прекумерната употреба на средства со санблокери (за заштита од сончање), прекумерно седење во затворен простор и неправилна исхрана.

Како заклучок на сето ова може да се каже дека иако витаминот Д е познат повеќе од еден век сè уште не е докрај откриена неговата моќ и позитивното влијание врз здравјето на луѓето.



Зошто треба да јадеме лубеница?

# ЛЕТНАТА „КРАЛИЦА“ ГИ ЧУВА И

**Лубеницата е убедливо најомилено летно овошје. Освен што е одлична за освежување во текот на жешките летни денови, таа крие бројни благодати за нашето здравје.**



• Лубеницата му помага на телото да се ослободи од токсини. Тоа се случува благодарение на органското соединение цитрулин и аминокиселините, кои ги филтрираат црниот дроб и бубрезите од акумулираниот амонијак.

• Ова сочно овошје има исклучително висока хранлива вредност. Дури и до 92% од нејзината содржина е вода, во 100 грама има само 30 калории, додека остатокот од нејзиниот состав го сочинуваат витамини А, Б1, Б6 и минералите калиум и магнезиум.

• За оние кои имаат ниско либидо, лубеницата е идеална храна. Цитрулинот ги опушта крвните садови со што директно влијае врз либидото. Во 120 грама лубеница има околу 150 милиграми цитрулин.

• Црните семки се богати со магнезиум, фосфор и калиум и пожелни се за прочистување на бубрезите. Чајот од семки од лубеница е особено ефективен кога станува збор за проблеми со камен во бубрег, бидејќи го разбива.

• Витаминот А е неопходен за одржување на здравјето на кожата. Во 100 грама лубеница



# МУНИТЕТОТ, КОЖАТА И КОСКИТЕ



има 560 милиграми природни антиоксиданси, кои заедно со витаминот Ц, ликопенот и бета-каротенот го спречуваат штетното влијание на слободните радикали во телото.

• Летната кралица изобилува со голема количина на витамин Б6, тијамин, витамин Ц и манган. Храната богата со витамин Ц го зајакнува имунолошкиот систем, а манганот има особено значење во одржување на здравјето на кожата и коските.





# АЕРОДРОМЦИ ПОСТАВИЈА „МАЛА МААЛСКА БИБЛИОТЕКА“






Неколку вљубеници во пишаниот збор поставија „мала маалска библиотека“ во населбата Лисиче. По урнекот на вакви библиотеки во другите држави Ирена, Ивана, Бојан, Ристо и Надица поставија дрвена куќичка каде сите можат да оставаат своја книга и да си земат една од тие што стојат во сандачето.

Маалската библиотека е едноставна иницијатива на група млади луѓе, кои пред сè ја сакаат книгата и сакаат таа да биде лесно достапна за секого. Книгата треба да служи за читање наместо да биде само украс на полиците. За да биде постојано во движење, постојано свежа и оригинална, таа треба да преминува бесплатно од едни во други раце.

## **НАЈМЛАДАТА ПИСАТЕЛКА** ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ ГО ИЗДАДЕ СВОЈОТ **ПРВ РОМАН**



Осмоодделенката од ОУ „Блаже Конески“, Марија Трајковска, неодамна на Саемот на книга го промовираше својот дебитантски роман, „Желба“, издаден од издавачката куќа Матица.

Станува збор за роман со научно–фантастична содржина кој опфаќа приказна од надреалниот свет.

Марија е, инаку, најмладиот жител на Општина Аеродром, која има издадено роман, а инспирацијата за нејзиното дело, како што вели самата, ја црпи од големата љубов кон книгите, со кои се дружи уште од најмала возраст.

## БЕСПЛАТНА УТРИНСКА ЈОГА ВО ПРИРОДА

На 17.5.2014 година со почеток во 08:15 часот во еден од парковите во Општина Аеродром јога клубот „Тара“ организира бесплатен јога час во природа. Часот наменет за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол, содржеше јога вежби за истегнување, јога положби, техники за дишење и кратка медитација. Јога клубот повремено организира вакви бесплатни јога часови.



*Бесплатно утринска јога низ парковите во Аеродром со Јога Клуб Тара.*

## Најдобриот олдтајмер „пежо 404“ кај гордиот аеродромец

# РЕТРО-АВТОМОБИЛ ШТО ЈА ДОЛОВУВА АВТОМОБИЛСКАТА ИСТОРИЈА



Елегантната креација на олдтајмерот „пежо 404“ што учествуваше на два собири на возила од историско значење доби две награди за најдобро реставрирано возило „пежо“ за 2012 и 2013 година.

Олдтајмерот го поседува аеродромецот Горан Ивановски. Произведен е во далечната 1969 година, а првата регистрација му е направена во 1976 година.

Овој олдтајмер го придвижува бензински агрегат од 1.618 кубни сантиметри и 71 коњска сила, поставен под агол од 45 степени со влечна сила на задните тркала. Возилото има поминато 68.000 километри пред реставрацијата.

Интересот за ваков тип возила кај Горан се јавува поради неговата оригиналност, начинот на возење и удобноста, која е приоритет на овој тип лимузини од 60-тите години на минатиот век.

„Да се поседува ваков примерок на возило е вистинско уживање“, вели Горан, додавајќи дека удобноста и бавното возење со неговиот миленик на четири тркала му причинува посебно задоволство, особено поради фактот што овој ретро-автомобил ни ја доловува автомобилската историја на овие простори и нè потсетува како некогаш изгледале скопските улици.




## ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „ЦВЕТОВИ“ ВО ДОМ НА АРМ

На 9.5.2014 година во ДОМ на АРМ, како и на 13.5.2014 година во црквата „Св. Пророк Еремија“ во населбата Пинтија КУД „Никола Јонков Вапцаров“ го одржа традиционалниот десетти по ред детски фолклорен фестивал „Цветови“.



Покрај фолклорните ансамбли од Скопје и КУД „Никола Јонков Вапцаров“, на фестивалот настапија и КУД „Пријепоље“ од Србија, КУД „Ценовичи“ од Црна Гора, КУД „Бисер“ од Кичево, КУД „Бучим“ од Радовиш и КУД „Кочани“.

Младинска конкуренција на Република Македонија во пинг-понг

# ХРИСТИЈАН ОСВОИ ЗЛАТЕН МЕДАЛ

Младиот и перспективен пингпонгар Христијан Јованов, жител на Општина Аеродром, кој е ученик во средното училиште „Раде Јовчевски – Корчагин", веќе три години активно тренира пинг-понг и досега има освоено бројни медали и признанија.

Исто така, освојувајќи пехар и златен медал тој е прогласен и за државен првак во пинг-понг во младинската конкуренција на Република Македонија за 2014 година.

Меѓу бројните признанија, Христијан има освоено уште 2 златни медали, 8 сребрени и 5 бронзени медали, како и освоено петто место на третиот меѓународен натпревар во тенис на маса одржан во Бугарија.



# ЗЛАТЕН МЕДАЛ ЗА ЕВА НА ДРЖАВНОТО КАРАТЕ ПРВЕНСТВО



Младата и талентирана каратистка Ева Блажевска од ОУ „Лазо Ангеловски" освои златен медал на Државно првенство на Македонија во конкуренција на деца од 11 до 14 години. Таа во дисциплината кумите (+54) без никакви тешкотии дојде до првото место, совладувајќи ги убедливо сите четири противници.

Благодарение на ова злато таа ќе има можност да се претстави во најдобро светло на претстојното балканско првенство, кое ќе се одржи на 14-ти и 15-ти јуни годинава во Истанбул, Турција.

Со ова одлично прикажување Блажевска докажа со право дека каратето во Македонија има светла иднина.

# РЕКРЕАТИВНИ ГИМНАСТИЧКИ И КАРДИО ВЕЖБИ ВО СЦ „НОВО ЛИСИЧЕ"

На 22.5.2014 година во СЦ „Ново Лисиче" почнаа тренинзи за рекреативни гимнастички и кардио вежби, кои ги организира Кардио клубот „Еликсир на младоста".

Станува збор за вежби кои се изведуваат само на партер без користење справи, кои се придружени со соодветна музика и кои се поддржани од просветни, спортски и здравствени работници. Покрај рекреацијата, вежбите



нудат и комплетен здрав и квалитетен живот.

Вежбите се одржуваат под мотото „Во здраво и витко тело – здрав и младешки дух" во два термини и тоа секој четврток од 18:00 до 19:00 часот и секоја сабота од 17:00 до 18:00 часот.

Месечната членарина за вежбите е по промотивна цена од 500 денари, а можат да се пријават граѓани од 7 до 77 години.

Детални информации околу уписите на нови членови и во врска со вежбите може да се добијат на 070/376 612 кај инструкторот Лазар Младенов.

### Од 28-ми јуни до 13-ти јули

# „ФУДБАЛОДРОМ“ ВО АЕРОДРОМ!

Како што се покажало многупати досега, најважната споредна работа на светот, фудбалот, е тоа што ги зближува и ги носи луѓето од сите страни на светот на едно место.

Кај нас гледањето фудбал во маало со цело маало е она вистинското гледање на фудбал. Но, што би рекле за гледање фудбал во најголемото маало во Скопје во најголемото друштво на фудбалски фанови?




**Од 28-ми јуни до 13-ти јули во најголемата општина во Скопје, Аеродром, покрај кејот на Вардар зад ТЦ „Три бисери“, на отворен простор, на кој ќе биде поставен голем екран, фудбалските фанови ќе бидат дел од спектакуларното фудбалско доживување „Фудбалодром“.**

„Фудбалодром“ ќе биде настан што ќе ги собере граѓаните што сакаат да уживаат во фудбалот на голем екран и во друштво на стотици фудбалски фанови. Покрај големиот екран и одличната атмосфера, „Фудбалодром“ ќе биде проследен и со низа други активности: турнири во „плејстејшн“, турнири во рачни фудбалчиња, натпревари во прецизно шутирање, натпревари во „човечки фудбал“ (human football), детско фудбалско катче, друштво со познати македонски фудбалски ѕвезди, настапи на локални бендови и дицеи, пиво и скара.

Повеќе информации за „Фудбалодром“ може да се добијат на фејсбук страницата: **www.facebook.com/fudbalodrom.**


Натпревар во забавен фудбал


Натпревар во Хуман Фудбал



Емитување на натпреварите на голем екран


Play station турнир за посетителите

### ДУП-ОТ ЈИ 04 ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА

**Почитувани,**

Сакам да прашам дали е донесен ДУП-от на ул. „Тодор Чангов“ 50 бр. 13 во населба Лисиче?

**Е.И.**

**Почитувана,**

За посочената локација Деталниот урбанистички план за четврт ЈИ 04 е во фаза на изработка, која ја врши Агенцијата за планирање на просторот.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

### ВЛЕЗОВИТЕ МЕЃУ ЗГРАДИТЕ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ВОЗИЛА!

**Почитувани,**

Јас живеам кај фонтаната спроти Мекдоналдс, па би сакала да пријавам дека се тргнати две големи саксии од паркингот и колите се качуваат од тука меѓу зградите и одат до својот влез. Би сакала ако може да се затвори тој влез за коли, сè со цел да ги заштитиме нашите деца кои летово сè повеќе ќе бидат надвор пред своите згради. Имав случка со мојата ќерка, која се исплаши и падна од својот велосипед, автомобилот замислете со која брзина стигна до својот влез за да си ги симне торбите кои си ги пазареле.

**Ви Благодарам,**
**Е.К.А.**

**Почитувана,**

Влезот меѓу зградите е наменет за противпожарни возила и поради тоа Општина Аеродром не е во можност таму да постави столпчиња, меѓутоа надлежните служби ќе ги вратат тргнатите жардиниери на местото на кое стоеле.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

### КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО

**Почитувани,**
Сакам да Ве прашам, а воедно и да Ве потсетам, кога ќе се среди теренот за фудбал кој се наоѓа до спортската сала МЗТ по кејот на Вардар? Ве замолувам во поскоро време да се среди теренот.

**Со почит,**
**З.Х.**

**Почитувани,**

Во тек се подготовки за комплетна реконструкција на фудбалското игралиште.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

### ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

**Почитувани,**

Дали може да ми кажете кои документи се потребни да се поднесат за еднократна парична помош за новороденче?

**Ви благодарам однапред,**
**Д.Х.С.**

**Почитувана,**

Документи кои се потребни за еднократна парична помош за новороденче се: извод од матична книга на родени за бебето, извод од матична книга на венчани за родителите, лични карти од двајцата родители со место на живеење на територијата на Општина Аеродром, трансакциска сметка, како и пополнето барање што ќе го подигнете во Општината.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

# СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош … 194
Пожар и елементарни непогоди … 193
Центар за известување и тревожење 195

## Градинки

Срничка … 2450 849
Буба Мара … 2434 530

## Основни училишта

Блаже Конески … 2469 746
Браќа Миладиновци … 2460 479
Ѓорѓија Пулевски … 2455 510
Љубен Лапе … 2450 220
Лазо Ангеловски … 2430 324
Димитар Македонски … 2440 011
Гоце Делчев … 2438 288
Александар Македонски … 6152 513

## Средни училишта

Владо Тасевски … 2464 123
Димитар Влахов … 2464 590
Марија Кири Склодовски … 2452 189

## Библиотеки

Јане Сандански … 2466 474
Кирил Пејчиновиќ … 2450 449
Рајко Жинзифов … 2443 450

## Цркви

Света Тројца … 2763 337
Свети Петар и Павле … 2439 722
Свети Пророк Илија … 2460 825

## Полиција 192

ПС Аеродром … 2432 362, 3142 408
ПС Драчево … 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода … 3223 410, 3142 403

## Амбуланти

Јане Сандански … 2463 277
Лисиче … 2440 810
Пелагонија … 2460 478

ЈП „Водовод и канализација“ … 2443 129, 2469 844

## Јавно осветлување

ЕВН … 3205 000
„Свем инженеринг“ … 3245 875

ЈП „Паркови и зеленило“ … 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ … 3216 644, 075/506 090
Оџачарски услуги … 2440 293

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа … 2400 970
Пријавница … 401 511
Контакт со граѓани … 2401 555
Локален економски развој … 2401 542
Правна служба … 2401 556
Човечки ресурси … 2401 531
Легализација на бесправни објекти 2401 528
Урбанизам … 2401 529
Урбанистички планови … 2401 530
Осветлување … 2401 533
Комунално одделение … 2401 532
Комунална инспекција … 2401 521
Градежна инспекција … 2401 521
Инспекција за домување … 2401 526
Финансии … 2401 513
Буџет … 2401 536
Сметководство … 2401 535
Даноци, такси и други приходи … 2401 553
Данок на имот … 2401 563
Јавни набавки … 2401 548
Образование и култура … 2401 517
Информатика … 2401 518
Социјална заштита … 2401 518
Архива … 2401 525
Совет на Општина Аеродром … 2401 512


SERVICE
CREW